ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

РАБОТАТА НА УПРАВНИОТ СУД ПРИ ОДЛУЧУВАЊЕ ВО ПРЕДМЕТИ КОИШТО СЕ ОДНЕСУВААТ НА СОЦИЈАЛНИ ПРАВА

јануари – декември 2024 година



Финансирано од Европска Унија

ЕУ со ТЕБЕ

Институт за човекови права

Годишен извештај за работата на Управниот суд при одлучување по предметите коишто се однесуваат на социјалните права

(период: јануари – декември 2024 година)

Програма:

„Пристап до правда за сите – Годишна работна програма 2024“ финансиски поддржана од Европската Унија

Спроведувач:

Институт за човекови права

Скопје, 2024 година

Овој извештај е изработен со финансиска поддршка од Европската Унија. Неговата содржина на ниту еден начин не ги одразува гледиштата на Европската Унија.

Содржина

ВОВЕД 4

1. СОГЛЕДУВАЊА ОД СЛЕДЕЊЕТО НА ЈАВНИТЕ РАСПРАВИ ПРЕД УПРАВНИОТ СУД НА РСМ 5

1.1. Начелото на економичност и ефикасност на постапката 6

1.2. Начелото на транспаретност и отчетност 8

1.3. Начелото на законитост 9

2. ЗАДОЛЖИТЕЛНОСТ НА СУДСКИТЕ ОДЛУКИ 10

3. УЧЕСТВО НА СТРАНКИТЕ ВО ПОСТАПКАТА 11

4. НАОДИ ОД МОНИТОРИНГОТ ПО ОДНОС НА ПОСТАПКИТЕ КОИ СЕ ОДНЕСУВААТ НА СОЦИЈАЛНИТЕ ПРАВА 12

4.1. Видување деца 12

4.2. Родителски додаток за дете 14

4.3. Старосна пензија 15

4.4. Помош и нега од друго лице 16

4.5. Социјална парична помош 18

5. ПРЕПОРАКИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ПРИСТАПОТ ДО ПРАВДА ЗА ГРАЃАНИТЕ ПРЕД УПРАВНИОТ СУД НА РСМ 21

ВОВЕД

Во текот на 2024 година Институтот за човекови права продолжи со редовното следење на работата на Управниот суд на Република Северна Македонија во постапувањето по предметите коишто се однесува на социјалните права (заведени во записникот на судот под ‘ У ‘-4). Годишниот извештај се базира на податоци од директното следење на јавните расправи, анализа на објавените судски одлуки и истражување на правната регулатива.

Главна цел на годишниот извештај е да ги сумира наодите, согледувањата и препораките произлезени од спроведените јавни расправи и мониторингот на постапките поврзани со социјалните права. Анализата во извештајов се темели на клучните начела на судската практика: на ефикасноста, транспарентноста, отчетноста и активното учество на странките. Преку овој пристап извештајов има за цел не само да ги оцени резултатите на судот, туку и да предложи насоки за понатамошно унапредување на пристапот до правда.

Годишниов извештај е подготвен врз основа на:


1. **Мониторинг на јавните расправи:** Анализа на застапеноста и третманот на различните видови предмети.
2. **Пристапот до инфромации од јавен карактер:** Добиено решение од Управниот суд за статистичките елементи за најзастепените основи во извештајнава година.
3. **Квантитативните и квалитативните податоци:** Преглед на годишната динамика на предметите, времетраењето на постапките и нивното разрешување.

Резултатите од мониторингот покажуваат дека е потребна посилна посветеност кон принципите на ефикасност, законитост, транспарентност и отчетност. Забележано е дека одредени аспекти од управните постапки, како што се нерешавањето на предметите во предвидениот законски рок, немериторното решавање на споровите и недоволната застапеност на државните органи, како странки во постапката, сè уште ги отежнуваат процесите за граѓаните.

Во текот на годината беа набљудувани над 140 јавни расправи, со акцент на прашањата поврзани со правата од пензија, видувањето деца, родителскиот додаток, здравствените надоместоци и други социјални прашања. Овие случаи го отсликуваат општествениот контекст во кој судот дејствува, како и предизвиците со кои се соочуваат најранливите категории граѓани, меѓу кои се лицата со попреченост, Ромите, самохраните родители и старите лица.

Овој извештај не само што ги сумира постигнувањата и предизвиците на Управниот суд за 2024 година, туку претставува и основа за развој на конкретни препораки за унапредување на судската практика и пристапот до правда. Цел на извештајов е да се обезбеди правичен и ефикасен судски систем, кој ќе ги гарантира правата на секој граѓанин, со особен акцент на ранливите групи.

Графикон 1: Број на мониторирани јавни расправи, по основ



1. СОГЛЕДУВАЊА ОД СЛЕДЕЊЕТО НА ЈАВНИТЕ РАСПРАВИ ПРЕД УПРАВНИОТ СУД НА РСМ

Во текот на извештајниов период Управниот суд се соочи со значајна промена во организацијата на својата работа, предизвикана од пензионирањето на еден од долгогодишните судии кои беа дел од советот задолжен за предметите од областа на социјалните права. Оваа промена, заедно со зголемениот обем на предмети кои се однесуваат на оваа специфична правна материја, доведе до потреба за реорганизација на распределбата на работата меѓу судските совети.

Со новиот распоред, наместо предметите од оваа област да бидат разгледувани од еден посебен совет, тие сега се распределуваат на три различни судски совети, кои истовремено постапуваат и по други правни области. Оваа промена е направена со цел да се подобри протокот на предмети и да се намали времетраењето на постапките, како и да се одговори на зголемените потреби за судење на предметите кои произлегуваат од социјалните права, како што се пензии, инвалидски права, родителски додатоци и слично.

Социјалните права претставуваат клучен сегмент од судската практика, бидејќи најчесто се однесуваат на ранливите категории граѓани. Поради ова, конзистентноста и стручноста во решавањето на ваквите предмети се од исклучително значење. Новата организациска структура донесе и одредени предизвици, како што е времето потребно за приспособување на новите совети, кое пак доведе до привремено намалување на ефикасноста, со одложување дел од закажаните расправи во месеците април и мај 2024 година.


Цел на оваа организациска промена е да се обезбеди порамномерна распределба на работата меѓу судските совети и поефикасно постапување по предметите. Сепак, потребно е да се следат и оценат ефектите од оваа реорганизација, за да се обезбеди одржување на високи стандарди во судската практика и пристап до правда за сите граѓани, особено за ранливите категории кои се најмногу погодени од овие постапки.

1.1. НАЧЕЛОТО НА ЕКОНОМИЧНОСТ И ЕФИКАСНОСТ НА ПОСТАПКАТА

Начелото на економичност и ефикасност[1], како што е утврдено во Законот за управни спорови (ЗУС), бара постапките да се спроведуваат брзо, едноставно и со најмали можни трошоци за странките. Ова начело има за цел да обезбеди навремено и правично решавање на управните спорови, со минимизирање на административните и правните пречки кои можат да го забават процесот. Ефикасноста е особено значајна во предметите поврзани со социјалните права, каде што секое одложување може сериозно да влијае врз животот и благосостојбата на граѓаните. Сепак, и покрај законските обврски, во текот на извештајниов период беа забележани значителни предизвици кои го отежнуваат применувањето на ова начело.

И покрај напорите за подобрување на ефикасноста сè уште се забележува дека дел од предметите кои датираат од 2022 година не се решени. Од вкупно 129 јавни расправи, набљудувани во извештајниов период, 11 предмети (или 9%) се однесуваат на тужби поднесени пред повеќе од две години. Ова укажува на потребата за подобро раководење со времето и ресурсите, како и за поефикасна координација меѓу судот и другите јавни органи.

Графикон 2: Година на поднесувањето на тужбите кои биле расправани во оваа извештајна година




Иако најголем дел од расправите се завршени со една јавна расправа, согласно со Законот за управните спорови, сепак, во текот на извештајниов период беа одложени вкупно 39 јавни расправи или 30% од вкупните мониторирани јавни расправи, што претставува значителен број и сериозно влијае на времетраењето на постапките. Најголем фактор за одложување на јавните расправи е ненавремената или некомплетната достава на писмената до странките. Ова особено може да се забележи во регионот на главниот град, каде писмената стигаат непосредно пред одржувањето на расправата, а со тоа нема услови за нејзино одржување, или пак странката воопшто не го добила писменото, дури и по нејзиното повторно препраќање од Судот. Овој проблем, којшто го има Управниот суд,

1 Член 7 од Законот за општа управна постапка

конкретно со Македонска пошта – доставувач на списите од Управниот суд, се провлекува веќе неколку години и не е изнајдено никакво решение за што поскоро решавање на проблемот којшто предизвикува непотребно одложување на закажаните јавни расправи, а со тоа пролонгирање на судската пресуда која може да биде од клучно значење за граѓаните. Покрај овој фактор, се среќаваат и уште неколку фактори коишто исто така ги одложуваат јавните расправи, но во незначителен број, а тоа се: барање за одложување на една од странките поради различни причини; доставување нови докази непосредно пред одржувањето на расправата, а спротивната странка е незапознаена со нив; вклучување заинтересирано лице во постапката; писмено барање од страна на полномошниците или странките за одложување поради неможност за присуство на јавната расправа.

Графикон 3: Најзастепни тужени органи во извештајнава година



Еден од клучните проблеми кои ја нарушуваат економичноста и ефикасноста е неприсуството и неангажираноста на министерствата и другите јавни органи, како второстепени органи. Во голем број случаи второстепените органи не доставуваат квалитетни одговори на тужбите, не се присутни на јавните расправи (присутни се само на 13 јавни расправи, или на 10% од вкупно мониторираните јавни расправи), или ги доставуваат списите со задоцнување. Ова не само што го пролонгира времетраењето на постапките, туку создава и дополнителни трошоци за странките и судот. Најзначаен аспект на ова прашање е и **недоставувањето на службените списи** од второстепените органи, поради што странките честопати остануваат без пристап до потребните информации за правилното застапување на своите права. Поради оваа практика Управниот суд изрекол само две парични казни до 20% од месечната плата на одговорните лица во органите кои не ги доставиле службените списи во управниот предмет. Овој механизам за санкционирање претставува позитивен чекор кон зајакнувањето на контролата над работата на управните органи, но, јасно е дека ваквата контрола треба да се применува почесто и поинтензивно. **Редовната контрола и санкционирањето на одговорните лица ќе има превентивен ефект и ќе го мотивира управниот апарат навремено и транспарентно да ги доставува потребните документи и списи.** Дополнително, специфичноста на предметите од социјалните права бара брзо и стручно решавање, бидејќи овие случаи директно влијаат врз основните права на ранливите категории граѓани. Во овој контекст, воведувањето едностепен управен систем би било ефикас-

но решение. Со ваков систем предметите би се решавале директно пред Управниот суд, што би го скратило времето на чекање и би го елиминирало влијанието на нефункционалноста на второстепените органи.

Овие податоци ја нагласуваат потребата од подобрување на организациските процедури и од поефикасна комуникација со странките, како и воведување механизми за спречување чести одложувања. Само со целосна посветеност кон начелото на економичност и ефикасност Управниот суд ќе може да ги исполни очекувањата на граѓаните за правично, брзо и достапно решавање на нивните спорови.

1.2. НАЧЕЛОТО НА ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОТЧЕТНОСТ

Начелото на транспарентност и отчетност е клучно за градењето доверба во судскиот систем и за обезбедување пристап до правда за граѓаните. Во рамки на ова начело Управниот суд продолжува да објавува информации за закажаните јавни расправи на својата веб-страница, во делот „Календар на судења“[2]. Овие информации, кои вклучуваат датум, време, судија и основ на предметот, овозможуваат лесен пристап за граѓаните и другите заинтересирани страни.

Сепак, за дополнително унапредување на транспарентноста, како корисна мерка би било додавањето информација дали закажаниот предмет се однесува на јавна расправа или на објава на одлука. Ова би ја олеснило подготовката на странките и би спречило недоразбирања во однос на природата на закажаното рочиште.

Иако делот „за судиите“[3] на веб-страницата постои како важен ресурс за јавноста, тој не е целосно ажуриран. Сè уште се наведуваат, како активни судии, оние судии кои се веќе пензионирани, а истовремено не е прецизиран распоредот на предметите по кои судат активните судии, што предизвикува забуна кај странките. Редовното ажурирање на овие информации е неопходно за да се обезбеди транспарентноста и точноста на податоците достапни за јавноста.

Начелото на отчетност подразбира редовно известување за работата на Управниот суд преку годишни извештаи доставени до Судскиот совет и јавно објавени на веб-страницата на судот. Сепак, постои потреба овие извештаи да содржат подетални информации, како што се најчестите причини за укинување на одлуките на управните органи, бројот на казни изречени за службени лица и бројот на случаи каде што е утврдено дека органите не постапиле навремено. Ваквите податоци ќе придонесат за зголемување на отчетноста и ќе овозможат управните органи да ги подобрат своите практики. Покрај годишните извештаи, од исклучителна важност е Управниот суд да објавува и месечни и квартални извештаи, кои ќе бидат достапни за јавноста. Ова ќе овозможи поголема транспарентност, ќе ја зајакне довербата на граѓаните во судскиот систем и ќе ја подобри ефикасноста и одговорноста на управните органи и службените лица.

2 Календар на судења - *http://www.vsrm.mk/wps/portal/usskopje/sud/kalendar/!ut/p/z1/*

3 За судиите - *http://www.vsrm.mk/wps/portal/usskopje/sud/za-sudot/za-sudiite/*

1.3. НАЧЕЛОТО НА ЗАКОНИТОСТ

Начелото на законитост[4] претставува основен принцип во управната постапка и според него се подразбира дека сите акти донесени од управните органи мора да бидат во согласност со законските прописи. Овој принцип е од суштинско значење за обезбедувањето правичност и заштита на правата на граѓаните. Сепак, практиката покажува дека постојат значителни недостатоци во почитувањето на ова начело од страна на управните органи, што резултира со сериозни последици врз странките.

Еден од главните проблеми е недостигот на квалификуван кадар во управните органи. Голем дел од вработените не се правници и немаат доволно знаење за тоа што треба да содржи еден управен акт. Ова води до изготвување акти кои се некомплетни, нејасни или целосно незаконити. Таквите акти често се поништуваат од судовите, но тоа предизвикува долготрајни и скапи постапки за странките, кои со години се борат за остварување на своите права.

Дополнително, второстепените органи често доставуваат одговори на тужбите кои се чисто формални, кратки и без суштинско образложение на причините за донесувањето на спорниот акт. Наместо да го оправдаат својот став, тие, во најголем број од случаите, отсуствуваат од јавните расправи, што дополнително ја намалува ефикасноста на постапките и го оптоварува судот со анализа на недоволно аргументираните акти.

Незаконитото работење на управните органи често предизвикува незадоволство кај странките, кое тие го изразуваат за време на расправите. Странките посочуваат дека во голем број случаи наидуваат на нестручност и неодговорност од службениците, а посебен акцент стават на сомневањата за коруптивни дејствија, особено во првостепените органи. Овие коруптивни практики ја нарушуваат довербата на граѓаните во системот и ја доведуваат во прашање целта на управната правда.

Управните органи често не го почитуваат начелото на активна помош на странките[5]. Наместо да им понудат правни совети за тоа кои документи се потребни за остварување на правото или дали нивните барања ги исполнуваат законските услови, странките се препуштени сами на себе. Ова не само што ги става граѓаните во неизвесност, туку и резултира со поднесување некомплетни или неправилни барања, што понатаму доведува до нивно одбивање. Во многу случаи странките започнуваат долгорочни постапки, кои завршуваат без позитивен исход, што претставува дополнителна загуба на време, финансии и енергија.

Непочитувањето на начелото на законитост од страна на управните органи не само што предизвикува дополнителни административни и судски постапки, туку и нанесува огромна материјална и психолошка штета на странките. Граѓаните, особено оние од ранливите категории, остануваат без пристап до своите основни права, како што се социјалните права, со години. Ова дополнително го нагласува итниот потребен ангажман за реформа на управната администрација и засилувањето на нејзината стручност и интегритет.

4 Член 7 од Законот за управни спорови

5 Член 17 од Законот за општа управна постапка

2. ЗАДОЛЖИТЕЛНОСТ НА СУДСКИТЕ ОДЛУКИ

Задолжителноста на судските одлуки е фундаментално начело во правниот систем[6], чија цел е да се обезбеди правна сигурност и да се заштитат правата на странките во постапката. Сепак, во извештајниов период беа забележани значајни прекршувања на ова начело, што доведува до сериозни последици по странките и го нарушува принципот на ефикасност во управната правда.

Во текот на извештајниов период беше евидентирано дека исти предмети, со истите странки, повторно се најдоа пред Управниот суд. Овој факт укажува на неисполнувањето на обврската на управните органи да постапат по напатствијата дадени во претходните судски одлуки. Наместо да ги исправат утврдените недостатоци, органите донесуваат нови акти, со иста содржина, што ги принудува странките повторно да започнат постапки пред судот. Ова не само што создава дополнителни финансиски и административни трошоци за странките, туку го пролонгира решавањето на нивните права, оставајќи ги во неизвесност и често без пристап до клучни социјални или административни права.

Во овој извештаен период беше забележано дека Управниот суд, дури и кога се работи за исти предмети со иста содржина и исти странки, ги заведува новите тужби под нови бројчиња. Ова отвора прашање за реалноста на статистиките за решени предмети, бидејќи еден ист предмет може да се појави пред судот повеќе пати, често над три пати. Ваквата практика ја доведува во прашање ефективноста на судскиот систем и создава простор за непочитување на законските одредби од Законот за управни спорови кои предвидуваат задолжителност за мериторно одлучување, доколку управниот орган не постапил по напатствијата дадени во првичната одлука.

Проблем е воопшто малиот број мериторни одлуки донесени од судот. Судот, во многу случаи, се ограничува на поништување на управните акти и враќање на предметите на повторно постапување, без самостојно да донесе одлука по суштината на спорот. Овој пристап создава повторувања на постапките и дополнителен товар за странките.

Според член 60 (1) од ЗУС „ако судот најде дека оспорениот управен акт е незаконит, со пресуда ќе го усвои тужбеното барање, ќе го поништи оспорениот поединечен управен акт и самиот ќе ја реши управната работа (пресуда во спор на полна јурисдикција), при што пресудата во целост го заменува поништениот поединечен акт. Доколку оспорениот управен акт е незаконит, судот, со пресуда ќе го усвои тужбеното барање и со неа ќе го поништи оспорениот поединечен управен акт и самиот ќе ја реши управната работа во т.н. спор на полна јурисдикција“.

Сублимирано, овде станува збор за пресуда на полна јурисдикција, или пресуда со која Управниот суд мериторно одлучува за управната работа. Во ваков случај пресудата на судот во целост го заменува незаконитиот акт на туженият орган. Мериторното одлучување во спор на полна јурисдикција е правило, според ЗУС, а целта на управниот спор е судот мериторно да одлучи за управната работа, поништувајќи го актот на јавниот орган и не враќајќи го на повторно одлучување.

Значи, значајно е да има соодветна примена на овие одредби од ЗУС, односно користењето на враќањето на повторно одлучување како исклучок што е наведен како таков,

6 Член 12 од Законот за управни спорови

согласно со член 60 став 3[7], кој би требало да се користи исклучително ретко од Управниот суд и тој да се труди во што е можно помал број случаи поништениот управен акт да го враќа на повторно одлучување кај тужениот орган. Исто така, неопходно е воведување санкции за управните органи коишто не постапуваат по напатствијата на судот. Ова би ја зголемило нивната одговорност и би спречило повторувања на истите грешки.

3. УЧЕСТВО НА СТРАНКИТЕ ВО ПОСТАПКАТА

Учеството на странките во управната постапка е клучниот аспект за обезбедување правичност и еднаков пристап до правда. Сепак, практиката покажува дека учеството на тужените органи, како странки во постапката, често е недоволно, што создава сериозни пречки во постапките и ги нарушува основните начела на контрадикторност и пропорционалност.

Во овој извештаен период можеше да се забележи големо неприсуство на претставниците на тужените органи на закажаните јавни расправи. Со ова се оневозможува вистинска размена на аргументи и доказни материјали, што директно го повредува начелото на контрадикторност. Странките, особено тужителите, остануваат незапознаени со причините зошто нивните барања се одбиени, или какви заклучоци биле донесени при подготовката на управниот акт. Недостигот од присуство на тужените органи дополнително го префрла товарот врз судот, кој е принуден самостојно да ги анализира податоците и да донесе одлуки без суштинска поддршка од странките. Ова не само што го забавува процесот, туку и ги доведува во неповолна положба странките кои бараат објаснување за своите права.

Во управните постапки, особено во случаи кои се однесуваат на социјални права, тужителите често се ранливи категории на граѓани: лица со ниски примања, невработени, самохрани родители или лица со попреченост. Овие странки ретко имаат финансиска можност да ангажираат полномошник или адвокат кој би ги застапувал низ целиот процес. Ова значи дека тие се соочуваат со постапки за кои немаат доволно знаење, што дополнително го отежнува нивниот пристап до правда.

Дополнителен предизвик е недоволната информираност на странките за можностите кои ги нуди Законот за бесплатна правна помош[8]. Голем број од тужителите не знаат дека, под одредени услови, можат да добијат бесплатна правна помош, вклучувајќи назначување на адвокат кој ќе ги застапува во управната постапка или спор. Оваа неинформираност ја ограничува нивната способност за ефективно учество во постапката и ја намалува нивната можност за добивање правично решение.

7 По исклучок од став (1) на овој член, судот ќе го поништи оспорениот поединечен управен акт и ќе го врати на повторно одлучување на органот што го донел, и тоа: - доколку тужениот орган решавал по слободна оцена или - доколку природата на управната работата не дозволува одлучување во полна јурисдикција, односно не може целосно да ги утврди фактите по суштинските прашања и треба, во управната постапка, да се утврди вистинската фактичка состојба.

8 Член 5 и член 13 од Законот за бесплатна правна помош, Службен весник на РСМ бр. 101/2019 од 22.05.2019

4. НАОДИ ОД МОНИТОРИНГОТ ПО ОДНОС НА ПОСТАПКИТЕ КОИ СЕ ОДНЕСУВААТ НА СОЦИЈАЛНИТЕ ПРАВА

Мониторингот на постапките кои се однесуваат на социјалните права открива значајни предизвици во остварувањето на правата на граѓаните пред управните органи и Управниот суд. Социјалните права, како што се правото на старосна пензија, родителскиот додаток за дете, правото на видување дете и други форми на социјална заштита, претставуваат основни права за заштита на достоинството и благосостојбата на поединците. Сепак, во практиката се појавуваат низа проблеми, како неправилна примена на законите, доцнење во носењето одлуки, недоволната образложеност на решенијата и непочитувањето на претходно донесените решенија. Овие проблеми ја намалуваат правната сигурност и пристапот до правда на граѓаните, особено на маргинализираните и ранливите категории лица. Наодите од мониторингот имаат за цел да ги идентификуваат овие недостатоци и да предложат мерки за подобрување на ефикасноста, транспарентноста и почитувањето на правата на граѓаните во постапките за социјални права.

4.1. ВИДУВАЊЕ ДЕЦА

Постапките за видување деца претставуваат еден од најчувствителните и најкомплексните управни и судски спорови што се водат пред Управниот суд. Овие постапки најчесто произлегуваат од несогласувањата меѓу родителите, по престанокот на нивната заедница (развод или прекин на вонбрачна заедница), при што, родителот кој не е старател, бара редовно и континуирано видување со своето дете. Основната цел на овие постапки е да се обезбеди континуиран контакт меѓу детето и родителот кој не живее со него, а притоа да се заштитат најдобрите интереси на детето.

Постапките за видување деца се регулирани од неколку закони и подзаконски акти кои ги уредуваат семејните односи, правата на детето и постапките пред Управниот суд. Главни законски акти кои се применуваат во овие постапки се: Закон за семејство[9] (член 76-82) – кој го уредува правото на родителите на видување и контакт со детето; Закон за општа управна постапка (ЗОУП)[10] – кој ги уредува правилата за управните постапки што ги водат центрите за социјална работа и надлежните институции и Закон за управни спорови (ЗУС)[11] – кој овозможува поднесување тужба до Управниот суд во случаи на оспорување на управните акти донесени од центрите за социјална работа или други јавни органи.

Постапките започнуваат со поднесување барање до Центарот за социјална работа од родителот кој не е старател. Во барањето се утврдуваат желбите за видување и времето кога тој сака да го реализира контактот. Понатаму, Центарот за социјална работа го разгледува барањето, врши проценка на најдобриот интерес за детето и комуницира со двата родителa. Доколку е потребно, Центарот може да вклучи психолог, педагог и

9 Закон за семејство - Службен В. на Р.М. бр:80/1992 од 22.12.1992

10 Закон за општа управна постапка - Службен В. на Р.М. бр:124/2015 од 23.07.2015

11 Закон за управни спорови - Службен В. на Р.М. бр:96/2019 од 17.05.2019

социјален работник кои ќе направат проценка на психосоцијалната состојба на детето и неговите родители. Центарот донесува решение со кое го одредува режимот на видување на детето (колку често, во кои денови и колкав временски период ќе трае видувањето). Ова решение е задолжително за родителите и мора да се почитува. Доколку странките не се задоволни од ова решение, постапката продолжува со жалба до Министерството за социјална политика, демографија и млади, а во крајна инстанца, со тужба до Управниот суд. Доколку решението на Управниот суд е правосилно, родителите се должни да го почитуваат режимот на видување на детето. Доколку едната страна не го почитува решението, се применуваат мерки од извршители или се поднесуваат кривични пријави за попречување на правото на контакт со детето.

Графикон 4. Информации добиени од Управниот суд врз основа на поднесено Барање за пристап до информации од јавен карактер, за предмети по основ на право на видување, за периодот од 1.1.2024 до 1.11.2024 година (Решение 0819 СПИ бр.03-22/2024)[12].

Оформени предмети (2024 година)	**Донесени одлуки** (2024 година)	**Изјавени жалби до Виш управен суд** (2024 година)
35	**66** (15 уважени; 40 одбивателни; 2 отфрлени и 9 постапки за запирање)	**25**

Видувањето деца е најзастапен основ, по кој се оформуваат предмети во Управниот суд, а се однесуваат на социјалните права. Еден од најчестите проблеми во постапките за видување деца е непочитувањето на претходно донесените решенија од еден од родителите. Иако Центарот за социјална работа носи обврзувачки решенија за тоа кога и колку често родителот кој не е старател може да го види детето, во практиката овие решенија често се игнорираат. Во текот на мониторингот на судските постапки се забележува една многу загрижувачка појава – постапките за видување деца често се користат како средство за „одмазда“ или „инат“ меѓу поранешните партнери. Наместо фокусот да биде на заштита на најдобрите интереси за детето, родителите водат судски спорови, кои се користат како начин за демонстрација на моќ или за да го "победат" другиот родител. Во ваквите случаи, децата стануваат жртви на конфликтите меѓу родителите и се користат како „алатка“ за остварување лични цели. Ова има долгорочни последици врз психолошкото и емоционалното здравје на децата, кои често се чувствуваат под притисок или мораат да изберат страна. Правата на детето се централни во постапките за видување, меѓутоа во практиката децата ретко се консултирани при донесувањето на одлуките за видување. Законот за семејство предвидува дека детето треба да биде сослушано кога е во состојба да го изрази своето мислење. Ова правило не се применува доволно. Децата често не се консултирани, или не се зема предвид нивното мислење во донесувањето на решенијата. Ова може да предизвика незадоволство кај децата и дополнителни тензии во односите со родителите.

12 Статистичките податоци кои се однесуваат на правото на остварување старосна пензија, семејна пензија, инвалидска пензија, социјална парична помош, помош и нега од друго лице, родителски додадок за дете, надоместок поради попреченост, видување деца и надоместок на трошоци за болничко лекување и набавени лекови се добиени од Управниот суд врз основа на поднесено барање за пристап до информации од јавен карактер Решение 0819 СПИ бр.03-22/23

4.2. РОДИТЕЛСКИ ДОДАТОК ЗА ДЕТЕ

Родителскиот додаток за дете е финансиска поддршка што ја обезбедува државата за семејствата со деца, со цел да се поттикне наталитетот и да се обезбеди финансиска сигурност за родителите. Ова право е дел од системот на социјална заштита и е регулирано со законски и подзаконски акти. Постојат неколку видови на ова право: родителски додаток за трето дете, додаток за образование на деца, еднократен паричен додаток за новороденo дете и додаток за згрижување дете без родители. Иако добивањето на овој додаток треба да биде едноставна процедура, во практиката често се јавуваат правни спорови предизвикани од одбивање на барањата од страна на Центрите за социјална работа.

Основните закони и подзаконски акти што ја уредуваат постапката за родителски додаток за дете се: Закон за заштита на децата[13] - кој ги уредува видовите на додатоци и условите за нивно добивање (членови 21-40); Закон за општа управна постапка (ЗОУП) – кој ја уредува постапката за поднесување барања и донесување решенија од страна на Центрите за социјална работа; Закон за управни спорови (ЗУС) – кој овозможува поднесување тужба до Управниот суд во случај на оспорување на управните акти (решенија) на Центрите за социјална работа или Министерството за социјална политика, демографија и млади, правилници и упатства од Министерството за социјална политика, демографија и млади, кои го регулираат начинот на остварување на родителскиот додаток за дете и потребната документација.

Постапката за остварување на правото на родителски додаток започнува со поднесувањето барање до надлежниот Центар за социјална работа според местото на живеење на подносителот. Кон барањето се прикачуваат потребните документи, како што се извод од матичната книга на родените за детето, лична карта на родителот и потврда за државјанство. Центарот ги разгледува документите и доколку се исполнети условите донесува позитивно решение за доделување на додатокот. Доколку барањето биде одбиено поради непотполна документација или неисполнување на условите, подносителот има право да поднесе жалба до Министерството за социјална политика, демографија и млади. Доколку и одлуката на Министерството е негативна, подносителот може да поднесе тужба до Управниот суд, кој ја проверува законитоста на претходните решенија. Управниот суд може да го потврди решението, да го поништи и да го врати предметот на повторно одлучување или да донесе мериторна одлука која ќе биде обврзувачка и за двете страни во постапката.

Графикон 5. Информации од јавен карактер за предмети по основ на право на родителски додаток за дете, за периодот од 1.1.2024 до 1.11.2024 година

Оформени предмети (2024 година)	**Донесени одлуки** (2024 година)	**Изјавени жалби до Виш управен суд** (2024 година)
32	**36** (21 уважени; 14 одбиевателни и 1 отфрлена)	**9**

Еден од најзначајните проблеми во остварувањето на правото на родителски додаток е тоа што барателите често не се запознаени со одредбите од подзаконските акти и правилниците што ја уредуваат оваа област. Иако Законот за заштита на децата ги утврдува основните услови за добивање на додатокот, деталите за потребната документација, критериумите за семејниот буџет и постапките за контрола на барателите се содржани

13 Закон за заштита на децата - Службен В. на Р.М. бр:23/2013 од 14.02.2013

во подзаконските акти. Недостатокот на информираност доведува до тоа голем број барања да бидат одбиени поради, на пример, премин на лимитот за семеен буџет. Чест случај е кога прилив на средства во вид на еднакратна уплата (на пример, добивка од игри на среќа, донација или помош од роднини) или плата на еден од родителите над дозволениот праг, предизвикува одбивање или прекин на правото на родителски додаток. Исто така, честа причина за укинување на правото е ситуацијата кога едно од децата во семејството започнува со работа, со што семејниот приход се зголемува над законскиот праг. Во повеќето случаи родителите не се свесни за овие ограничувања и не знаат дека секоја промена на приходите мора да биде пријавена во Центарот за социјална работа, што дополнително создава правна несигурност.

Уште еден често забележан проблем е донесувањето решенија со кои се укинува правото на родителски додаток поради наводно подобрување на состојбата на детето. Овој проблем е особено изразен кај додатоците поврзани со децата со посебни потреби, или кај деца со попреченост. Управните органи, врз основа на проценките што треба да бидат направени од стручни лица (лекари, педагози, психолози), носат паушални решенија, во кои се наведува дека здравствената состојба на детето е „подобрена“, без притоа да биде доставено јасно и детално образложение за основот на ваквата констатација. Дополнително, овие решенија не се придружени со конкретни медицински докази или стручни наоди, што предизвикува сомнеж во објективноста на процесот. Вакви одлуки често се оспоруваат пред Управниот суд, каде судот ги поништува решенијата и го враќа предметот на повторно одлучување, но тоа дополнително ги пролонгира правата на барателите. Родителите сметаат дека ваквите решенија се донесуваат без длабинска анализа и без консултации со стручни лица.

Во практиката се забележани случаи кога управните органи (Центарот за социјална работа) донесуваат одлуки врз основа на наводен „увид во домот“ на барателите, а таков увид воопшто не е извршен. Во решенијата често се наведува дека претставници на Центарот извршиле контрола на состојбата во домот и утврдиле факти кои потоа служат како основа за укинување или одбивање на родителскиот додаток. Во реалноста, овие „увиди“ често не се реализирани, а семејствата не добиваат никаква најава или известување дека инспекторите ќе извршат увид во нивниот дом. Ваквото постапување е спротивно на начелото на транспарентност и начелото на материјална вистина, коишто се уредени со Законот за општа управна постапка (ЗОУП). Оваа појава предизвикува правна несигурност кај странките и често ги мотивира да поднесат тужба до Управниот суд, барајќи докази за тоа кога и како бил направен увидот. Судот во овие случаи често ја укинува одлуката на Центарот поради недостаток на докази за извршениот увид.

4.3. СТАРОСНА ПЕНЗИЈА

Согласно со Законот за пензиско и инвалидско осигурување[14] право на старосна пензија имаат мажите кои ќе наполнат 64 години живот и жените кои ќе наполнат 62 години живот, при што мора да имаат најмалку 15 години пензиски стаж.Старосна пензија се добива со поведување постапка за добивање старосна пензија, како и со поднесување барање до филијалите или деловниците на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија (ПИОСМ) според местото на последното осигурување.

14 Види член 18 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување - Службен В. на Р.М. бр:98/2012; 166/2012; 15/2013; 170/2013; 43/2014; 44/2014; 97/2014; 113/2014; 160/2014; 188/2014; 20/2015; 61/2015; 97/2015; 129/2015; 147/2015; 154/2015; 173/2015; 217/2015; 27/2016; 120/2016; 132/2016; 27/2018; 35/2018; 220/2018; 245/2018; 180/2019; 275/2019; 31/2020; 267/2020; 67/2022; 79/2023; 193/2024;

Се остава на осигурениците навреме да проверат дали нивните работодавци редовно ги уплаќале придонесите за пензиско и инвалидско осигурување . Ако придонесите не се уплатени, тие не се земаат предвид во пензискиот стаж, што може да го намали износот на старосната пензија. Начинот на пресметувањето на старосната пензија не е јасен и целосно е непредвидлив.

Графикон 6. Информации од јавен карактер за предмети по основ на право на старосна пензија за периодот од 1.1.2024 до 1.11.2024 година

Оформени предмети (2024 година)	**Донесени одлуки** (2024 година)	**Изјавени жалби до Виш управен суд** (2024 година)
36	**28** (9 уважени; 16 одбивателни; 2 отфрлени и 1 постапка за запирање)	**12**

Голем дел од тужителите коишто бараат правна заштита се жалат дека нивната пензија е неправилно пресметана. Најголем проблем се јавува во примената на формулата за пресметка на старосната пензија, која се смета за комплицирана и тешко разбирлива. Дури и некои претставници на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување не се целосно запознаени со неа. Дополнително, недостасува и транспарентноста, бидејќи странките тешко можат да проверат дали нивната пензија е правилно пресметана.

Голем број тужители откриле дека нивните работодавци не ги уплаќале придонесите за пензиско и здравствено осигурување. Работниците не биле свесни за оваа состојба, бидејќи работодавците не ги известуваат за таквите пропусти. Во вакви случаи периодот за кој придонесите не се уплатени **не се зема предвид како дел од пензискиот стаж**, што значи дека тој период не се пресметува во старосната пензија. Најчесто овие случаи завршуваат со тужби до Управниот суд, каде странките бараат признавање на работниот стаж или обврзување на работодавецот да ги исплати придонесите.

4.4. ПОМОШ И НЕГА ОД ДРУГО ЛИЦЕ

Правото на помош и нега од друго лице е форма на социјална заштита која се доделува на лица кои, поради здравствени, физички или ментални пречки, не се во состојба сами да се грижат за своите основни животни потреби. Ова право се доделува како паричен надоместок за покривање на трошоците за грижа и поддршка од друго лице, кое му помага на корисникот во извршувањето на секојдневните активности, како што се хранење, облекување, одржување хигиена, подвижност и друга основна нега. Правото има за цел да го подобри квалитетот на живот на лицата со попреченост, хронични заболувања или трајна немоќ.

Правото на помош и нега од друго лице е уредено со неколку закони и подзаконски акти: Закон за социјална заштита[15] – кој го уредува правото на помош и нега од друго лице, условите за стекнување на правото, висината на надоместокот и постапката за остварување на правото (член 48-54 од Законот); Закон за општа управна постапка (ЗОУП) – кој ја уредува постапката за поднесување барања и донесување решенија од Центарот за социјална работа; Закон за управни спорови (ЗУС) – кој обезбедува можност за поднесување тужба пред Управниот суд, доколку барателот смета дека управниот орган (Центарот за социјална работа) или второстепениот орган (Министерството за социјал-

15 Закон за социјална заштита - Службен В. на Р.М. бр:32/2024 од 12.02.2024

на политика, демографија и млади) донел незаконско решение; Подзаконските акти и правилниците – кои Министерството за социјална политика, демографија и млади ги донесува за да ги уредуваат деталите за критериумите за проценка на функционалната неспособност на лицето и потребната документација за добивање на ова право.

Постапката за остварување на правото на помош и нега од друго лице започнува со поднесувањето барање до надлежниот Центар за социјална работа според местото на живеење на барателот или неговиот законски застапник. Кон барањето се приложуваат потребни документи, како што се извод од матична книга на родените, лична карта на подносителот и медицинска документација што ја потврдува здравствената состојба на лицето. Центарот за социјална работа формира стручна комисија, составена од социјален работник, психолог и здравствен работник, која врши проценка на способноста на лицето за самостојно извршување на основните животни активности. По извршената проценка, Центарот донесува решение за одобрување или одбивање на правото на помош и нега од друго лице. Доколку барањето биде одбиено, странката има право на жалба до Министерството за социјална политика, демографија и млади. Ако и решението на Министерството е негативно, странката може да поднесе тужба до Управниот суд, кој ја проверува законитоста на претходните одлуки и носи конечна одлука или го враќа предметот на повторно одлучување.

Графикон 7. Информации од јавен карактер за предмети по основ право на помош и нега од друго лице, за периодот од 1.1.2024 до 1.11.2024 година

Оформени предмети (2024 година)	**Донесени одлуки** (2024 година)	**Изјавени жалби до Виш управен суд** (2024 година)
55	**59** (37 уважени; 17 одбивателни; 2 отфрлени и 3 постапки за запирање)	**14**

Еден од најчестите проблеми при остварувањето на правото на помош и нега од друго лице е неправилната и нестручна проценка на здравствената состојба на лицето од страна на управните органи. Центрите за социјална работа и стручните комисии често-пати донесуваат решенија со кои го одбиваат барањето, или го прекинуваат правото на помош и нега под образложение дека лицето е способно за самостоен живот и дека не му е потребна поддршка од друго лице. Проблемот настанува кога оваа проценка не е поддржана со соодветни медицински наоди или специјалистички мислења. Напротив, во многу случаи медицинските извештаи јасно укажуваат на трајна или значителна неспособност на лицето за самостојно извршување на основните животни активности (како хранење, одржување хигиена и движење), но стручната комисија го игнорира или погрешно го толкува наодот. Во одлуките, наместо детално образложение за тоа како е донесен заклучокот за способноста на лицето, често се користат паушални фрази, како: „се констатира дека лицето може самостојно да се грижи за себе“. Поради ваквите проценки странките се принудени да поднесуваат жалби и тужби пред Управниот суд, кој во голем број случаи ги уважува тужбите и ги поништува решенијата на управните органи.

Друг значаен проблем е автоматското прекинување на правото на помош и нега, доколку странката не ги достави во определен рок дополнителните медицински наоди или извештаи што ги бара Центарот за социјална работа. Според Законот за општа управна постапка (ЗОУП), органот е должен да ги информира странките за нивните обврски и роковите што мора да ги почитуваат. Во практиката, овие известувања најчесто се доставуваат само во писмена форма, но со оглед на тоа што станува збор за лица со

нарушена здравствена состојба, кои тешко се движат или имаат ограничен пристап до комуникациски канали, тие не секогаш успеваат навремено да ги достават потребните документи. Управниот орган не обезбедува дополнителна поддршка, ниту користи алтернативни методи за известување, како што се телефонски повици, е-пошта или СМС известувања. Ова води кон автоматски прекин на правото, што сериозно ги загрозува правата на лицата кои се зависни од овој надомест за нивната секојдневна грижа. Дополнителен проблем е тоа што, за повторно да го активираат правото, лицата мора повторно да поднесуваат барање и да ја поминат целата постапка од почеток, што може да трае неколку месеци.

Паушалните решенија на управните органи се уште еден сериозен проблем што доведува до одолговлекување на постапките за остварување на правото на помош и нега. Во своите решенија, Центрите за социјална работа и Министерството за социјална политика, демографија и млади честопати користат шаблонски формулации, без да наведат конкретни факти и докази врз кои се темели одлуката. На пример, во многу решенија се наведува дека „врз основа на извршениот увид се утврди дека лицето е способно за самостојно функционирање“, но не се прецизира кога е направен увидот, кој го направил, какви се конкретните наоди и кои факти се земени предвид. Паушалноста продолжува и во текот на управните спорови пред Управниот суд, каде тужениот орган (Центарот или Министерството) во своите одговори на тужбите не наведува конкретни аргументи или факти, туку користи општи формулации. Ваквиот пристап често резултира со уважување на тужбите од страна на Управниот суд, бидејќи судот го укинува решението поради недостаток на образложение и непочитување на обврската за транспарентност и целосно утврдување на фактите.

Особено загрижувачка е појавата кога управните органи тврдат дека направиле „увид во домот“ на странката, а таков увид воопшто не е извршен. Во некои случаи вработени од Центарот за социјална работа само доаѓаат до домот, но не вршат вистински увид на состојбата на лицето, туку доставуваат подготвени записници во кои се наведува дека лицето е способно за самостојна грижа. Странките во вакви случаи се доведуваат во позиција да потпишат записник во кој се содржани наоди со кои не се согласуваат. Во случај странката да одбие да го потпише записникот, Центарот сепак го користи истиот како доказ за донесување негативно решение. Оваа практика претставува сериозно прекршување на правото на странките за фер и транспарентна постапка. Во многу од овие случаи, Управниот суд ги уважува тужбите, укажувајќи дека не може да се утврди дали увидот воопшто бил извршен и дали постојат релевантни и валидни докази врз основа на кои е донесено решението.

4.5. СОЦИЈАЛНА ПАРИЧНА ПОМОШ

Социјалната парична помош е форма на финансиска поддршка која државата ја обезбедува за граѓаните кои се во состојба на социјален ризик и немаат доволно средства за задоволување на основните животни потреби. Цел на ова право е да обезбеди минимален приход за лицата и домаќинствата кои се материјално необезбедени и да ги заштити од сиромаштија и социјална исклученост. Ова право се доделува врз основа на индивидуална проценка на состојбата на домаќинството и е поврзано со критериуми како што се приходите на семејството, бројот на членови во домаќинството, здравствената состојба на членовите и имотната состојба. Правото на социјална парична помош може да се реализира преку неколку вида финансиска поддршка, а тоа се: гарантирана минимална помош, паричен надоместок за попреченост, надоместок за социјална сигурност на стари лица и паричен надоместок за еднократна парична помош.

Правото на социјална парична помош е уредено со Законот за социјална заштита – ги утврдува видовите социјална парична помош, условите за остварување на правото и постапката за добивање на оваа помош; Законот за општа управна постапка (ЗОУП) – го уредува текот на управната постапка за поднесување барања, донесување решенија и жалби; а Законот за управни спорови (ЗУС) – овозможува поднесување тужба до Управниот суд во случај на спор околу одлуката на Центарот за социјална работа или Министерството за социјална политика, демографија и млади.

Постапката за остварување на правото на социјална парична помош започнува со поднесувањето барање до надлежниот Центар за социјална работа според местото на живеење на барателот. Кон барањето се прикачуваат потребни документи, како што се лична карта, потврди за приходите во домаќинството, имотен лист и медицинска документација (доколку е потребно). Центарот за социјална работа врши проценка на материјалната состојба на домаќинството и, доколку е потребно, извршува увид во домот на барателот за да ја утврди фактичката состојба. Врз основа на прибраните докази, Центарот носи решение за одобрување или одбивање на барањето. Доколку решението е негативно, барателот има право на жалба до Министерството за социјална политика, демографија и млади. Доколку и оваа одлука е негативна, странката може да поднесе тужба до Управниот суд, кој ја проверува законитоста на одлуките и може да ја поништи или потврди одлуката

Графикон 7. Информации од јавен карактер за предмети по основ право на социјална парична помош за периодот од 1.1.2024 до 1.11.2024 година

Оформени предмети (2024 година)	**Донесени одлуки** (2024 година)	**Изјавени жалби до Виш управен суд** (2024 година)
51	**37** (15 уважени; 15 одбивателни; 5 отфрлени и 2 постапки за запирање)	**15**

Еден од најчестите проблеми со кои се соочуваат корисниците на социјална парична помош е обврската за редовни прегледи и постојано доставување иста документација, иако кај лицето е утврдена **трајна и неизлечива болест**. Управните органи (Центарот за социјална работа и Министерството за социјална политика, демографија и млади) бараат од корисниците периодично да доставуваат медицински извештаи и специјалистички наоди, како доказ дека состојбата е непроменета, иако дијагнозата е трајна и позната на органите. Ова барање е не само непотребно, туку и го оптоварува корисникот со дополнителни финансиски трошоци за медицински прегледи и издавање нови извештаи. Дополнително, ваквата практика е проблематична за лица кои имаат **ограничена подвижност, попреченост или психички нарушувања**, бидејќи тие не се во состојба лесно да пристапат до здравствените услуги. Наместо да се признае трајниот карактер на болеста, органите ги третираат странките како да треба постојано да ја "докажуваат" својата состојба, што претставува дополнителна психолошка и финансиска тежина. Ваквите барања се спротивни на начелото на економичност и целисходност во управната постапка, утврдено во Законот за општа управна постапка (ЗОУП).

Друг сериозен проблем е автоматското прекинување на правото на социјална парична помош поради прилив на средства од различни извори, најчесто од добивки од игри на среќа. Кога на трансакциската сметка на корисникот ќе се појави прилив на средства, органите автоматски го толкуваат тоа како промена на материјалната состојба на корисникот. Наместо правото да се суспендира само за месецот во кој е остварен приливот,

органите вообичаено **целосно го укинуваат правото**, дури и ако приливот е еднократен и не претставува редовен приход. Ова особено се однесува на добивките од игри на среќа, кои во некои случаи можат да бидат мали износи, но поради нефлексибилниот пристап на управните органи, корисникот трајно го губи правото на социјална помош. Ваквиот пристап е спротивен на принципот на **пропорционалност** во управната постапка, бидејќи органите не прават разлика меѓу еднократен прилив и редовен месечен приход. Прекин на правото без претходна проценка на околностите предизвикува сериозни последици за корисниците, бидејќи тие повторно мора да ја започнат целата постапка за остварување на правото, која може да трае неколку месеци.

Кога правото на социјална парична помош ќе се укине, барателот мора повторно да ја започне целата постапка за остварување на правото. Оваа постапка е сложена и одзема многу време, бидејќи вклучува поднесување ново барање, повторно доставување документи, увид на Центарот за социјална работа и донесување ново решение. Во меѓувреме, странките остануваат без финансиска поддршка, што дополнително ја влошува нивната материјална состојба. Системот не предвидува можност за **привремена суспензија на правото**, туку го укинува целосно, што претставува несразмерна и непотребна мерка.

Корисниците на социјална помош се често ранливи категории граѓани (лица со попреченост, стари лица, лица со хронични заболувања) кои имаат ограничена способност за пристап до комуникациски канали. Во практика, органите често ги повикуваат странките **само преку писмени известувања,** со рокови за поднесување нови извештаи или документи. Овие известувања не пристигнуваат секогаш навремено до странките, особено ако се работи за лица кои живеат во рурални средини или лица кои не можат редовно да ја проверуваат својата пошта. Наместо тоа, органите треба да применуваат повеќе форми на комуникација, како телефонски повици, СМС пораки или известувања преку е-пошта, што е предвидено и во Законот за општа управна постапка (ЗОУП) како дел од начелото за ефикасност на постапката. Непочитувањето на ова начело доведува до **ненавремено поднесување документи**, поради што правото на помош се укинува.

5. ПРЕПОРАКИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ПРИСТАПОТ ДО ПРАВДА ЗА ГРАЃАНИТЕ ПРЕД УПРАВНИОТ СУД НА РСМ

- Јакнење на кадровскиот и стручниот капацитет на управните органи преку вработување квалификувани правници во управните органи или преку обука на постојниот кадар за изготвување законски исправни и квалитетни управни акти;
- Подобрување на транспарентноста и ажурирањето на податоците со редовно ажурирање на веб-страницата на Управниот суд;
- Доследно почитување на ЗУС и применување на мериторно одлучување во споровите, како правило, додека враќањето на повторно одлучување да биде како исклучок;
- Применување на одредбите на ЗУС во однос на изрекување казни за управните органи кои не ги почитуваат напатствијата на судот или не доставуваат списи и со тоа предизвикуваат повторување или одоговлекување на предметите;
- Јакнење на начелото на контрадикторност и пропорционалност, со обврзување на тужените органи да присуствуваат на јавните расправи и активно да учествуваат со аргументи и објаснувања;
- Управните органи да обезбедат активна правна помош, со давање јасни насоки за странките за потребната документација и условите за остварување на правата и информирање на граѓаните за Законот за бесплатна правна помош и начините за користење на истата;
- Разгледување на можноста за воведување едностепен управен систем за специфични категории предмети, со што ќе се скрати времето на чекање и ќе се обезбеди ефикасно решавање или поедноставување на процедурите и намалување на административните бариери за странките, предизвикани од нефункционалноста на второстепените органи;
- Зголемување на транспарентноста во процесот на работа на управните органи, особено на првостепените тела, со цел спречување коруптивни практики.

